# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

.

| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 02.04. 2015 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 6 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за делумно ослободување од плаќање надомест за уредување на градежно земјиште**

Се објавува Одлука за делумно ослободување од плаќање надомест за уредување на градежно земјиште бр. 0801 – 254 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 02.04.2015 година.

**Бр. 0901– 261**
**02.04. 2015 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на чл. 85 став 1 и 2 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 17/11, 53/11, 144/12, 153/12, 25/13, 127/13, 163/13 и 44/15), ЧЛ. 15 ОД Статутот на Општина Свети Николе (Сл.гласник на Општина Свети Николе бр. 1/2006) и точка 9 на глава Х од „Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Свети Николе во 2015 година “ донесена од Советот на општина Свети Николе под број 0701-721 од 16.12 2014 година, Советот на општина Свети Николе на ден 02.04. 2015 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За делумно ослободување од плаќање надомест за уредување градежно земјиште**

Чл.1

Потенцијалните инвеститори кои ќе се стекнат со сопственост над градежните парцели број 81 за изградба на објекти со намена Б1 – мали комерцијални и деловни намени и градежната

парцела број 82 за изградба на објекти со намена Д3 – спорт и рекреација а кои се предвидени во ДУП за дел од У.Е.„1“ локалитет „НОВ ГРАДСКИ ПАРК“ – општина Свети Николе
ДЕЛУМНО се ослободуваат од плаќање надомест за уредување градежно земјиште.

Ослободувањето изнесува 50% од полниот износ на надомест кој се плаќа за ваков тип објекти, односно наместо предвидените со програмата 2.900 ден/м2, инвеститорите ќе платат надомест во износ од 1.450 ден/м2.

Чл.2

Делумното ослободување од плаќањето на надоместот за уредување градежно земјиште Советот на Општината го заснова на точка 9 од глава X на „Програмата за уредување наградежно земјиште за 2015 година“ според која истото се врши кога се работи за изградба на објект од јавен интерес, кој услов во конкретниот е исполнет.

Чл.3

Оваа одлука стапува на сила со денот на објавување во „Сл.гласник на општина Свети Николе“.

**Број 0801 - 254** **Совет на општина Свети Николе**
**02.04. 2015 год.** **Претседател**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за набавка на препарати за вонредна дератизација**

Се објавува Одлука за набавка на препарати за вонредна дератизација бр. 0801 – 255 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 02.04.2015 година.

**Бр. 0901– 261/2** **Градоначалник,**
**02.04. 2015 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на чл. 22 став (1) точка 9. од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) во врска со чл. 64 став 1 точка 3 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл.весник на РМ бр. 66/04, 139/08, 99/09 и 149/14), во врска со Решението број 08-451 донесено од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на ден 02.04. 2015 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За набавка на препарати за вршење вонредна дератизација**

Чл.1

Се задолжува Градноачалникот на општина Свети Николе да изврши набавка на препарати за вршење вонредна дератизација заради спречување на појава на заразни болести кои се пренесуваат преку глодари.

Чл.2

Набавката која ќе се изврши по вид и количина да биде таква што ќе овозможи дератизација на сите канализациони мрежи, особено на ризичните места каде постои можност од присуство на глодари,како и дератизација на училишните згради и нивните помошни објекти.

Чл. 3

При вршењето на постапката за набавка на потребните средства да се има предвид итноста на активностите кои треба да се реализираат .

Чл.4

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавување во „Сл.гласник на општина Свети Николе".

**Бр.0801 - 255**
**02.04. 2015 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за реализација на проектот "Доградба и надградба на Градски Пазар во Свети Николе"**

Се објавува Одлука за реализација на проектот "Доградба и надградба на Градски Пазар во Свети Николе" бр. 0801 – 256 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 02.04.2015 година.

**Бр. 0901– 261/3**
**02.04. 2015 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 02.04.2015 година, донесе

***О Д Л У К А***

**за реализација на проектот „ Доградба и надградба на Градски Пазар во Свети Николе “**

**Член 1**

Со оваа одлука се потврдува дека проектот „Доградба и надградба на Градски Пазар во Свети Николе” е приоритет за општина Свети Николе и истиот е вклучен во стратешките документи на општината (Стратегијата за Локален развој на Општина Свети Николе – Стратегиска цел 1.2 Да се создадат услови за поинтензивен локален и регионален развој преку изградба на нова и реконструкција на постоечката инфраструктура. Конкретните цели 1.2.1 Изградба и реконструкција на локалната инфраструктура; 1.2.3. Подршка на бизнис секторот и индивидуалните земјоделски производители во исполнување на стандарди за квалитет на производство).

Се дава согласност општина Свети Николе да аплицира до Министерството за финансии за добивање на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура преку кој руралните/урбаните општини може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 260.000 евра, за реализацијата на горенаведениот проект.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот изнесува 477.133 евра. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со ИПА алокацијата за општина Свети Николе во вредност од 260.000 евра додека преостанатите средства за целосно затворање на финансиската конструкција на проектот ќе бидат обезбедени од буџетот на општината за 2015 година од Програмата за ЈЛ Други комунални услуги (Капитални расходи).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Свети Николе“.

**Бр. 0801-256**
**02.04. 2015 год.**

**Претседател,**
**на Советот на Општина Свети Николе**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за Јавни работи во 2015 година**

Се објавува Програма за Јавни работи во 2015 година бр. 0801 – 257 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 02.04.2015 година.

**Бр. 0901– 261/4**
**02.04. 2015 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 7, став 1 од Законот за комунални дејности („Сл. весник на РМ“ бр.95/12), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 02.04. 2015 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за Јавни работи во 2015 година**

**Рамка на програмата**

Комуналните дејности се дејности од јавен интерес. Основните услови и начинот на вршење на комуналните дејности, финансирањето на комуналните дејности, финансирањето на изградбата и одржувањето на објектите на комуналната инфратсруктура се уредуваат со Законот за комунални дејности.

Според членот 7 став 1 и 2 од Законот за комунални дејности :

„Комуналните дејности се вршат врз основа на развојни планови и програми. Развојните планови за вршење на комунални дејности се донесуваат во период од  три години од страна на Советот на Општината”.

Горенаведениот закон вклучува одредби со кои што се уредени одредени надлежности на Општината и јавните комунални претпријатија основани од Општината , како даватели на комунални услуги. По овие одредби потребно е да се предвидат соодветни акти односно активности, кои што треба да се донесат односно превземат. Напорите на Општина Свети Николе во 2015 година ќе бидат насочени кон донесување на сите потребни акти и програми со цел ефикасно извршување на комуналните услуги согласно овој закон преку примена и на дополнителни и нови практични пристапи со цел исполнување на надлежностите на локалната самоуправа согласно законските одредби во оваа област.

**Развојни приоритети**

Согласно Законот за локална самоуправа една од клучните надлежности на општините е планирањето на локалниот економски развој, водење на локална економска политика, потоа поддржување на развојот на малите и средни претпријатија и претприемништвото на локално ниво, како и промовирање и воспоставување на партнерства. Во оваа насока, Советот на Општина Свети Николе усвои Стратегија за локален развој на општината во која главна стратешка цел е намалување на невработеноста која во Општина Свети Николе изнесува околу 17,3% од вкупното население (или 3200 лица) според официјалните податоци од Центарот за вработување.

Од извршената Анализа на пазарот на трудот на Општина Свети Николе меѓу другото констатирано е дека:

- Огромно е учеството на невработените со ниско ниво на образование (I и II степен на стручна подготовка т.е неквалификувани) - 36,65% од вкупниот број на невработени.
- Голем е бројот на невработените лица кои чекаат вработување подолго од 1 години - 39,85%.
- Голем е бројот на невработени лица на возраст над 55 години – 23,5%.

За да се стимулира вработувањето на овие најзагрозени категории на невработени лица се предвидува нивно ангажирање во организирани работни активности во рамките на програма за Јавни работи од обласа: Одржување и обновување на јавната инфраструктура и Одржување и заштита на животната средина.

За извршување на оваа надлежност во општина Свети Николе одговорно е ЈКП „Комуналец“, ЈП Погребални услуги и Општината преку Одделението за Комунални дејности

Со цел да се даде поддршка на работата на јавните претпријатија  и општината за ефикасно спроведување на надлежноста од обласа на заштита на животната средина и природа, уредување на просторот и градежното земјиште и комуналните дејности (одржување на јавна чистота) потребно

е превземање на организирани акции со поддршка на општината и ЈКП, во кои ќе се ангажираат дополнителни човечки ресурси со моментален статус на невработени лица.

Во општина Свети Николе има голем број на слободна работна сила која може да биде ангажирана во работни активности кои не бараат стручност и формално образование, а се во рамките на програмските активности на јавните претпријатија и Општина Свети Николе. При спроведување на организираните акции, предност ќе се даде на вработување на долгорочно невработените лица (39,84% од вкупниот број на невработени) која е најбројна во општината, на неквалификуваната работна сила со ниско ниво на образование (36,65% од вкупниот број на невработени) и на невработените лица на возраст над 55 години (23,5% вкупниот број на невработени).

**Цел**

Основна цел на Програмата е да се даде придонес кон:

- Намалување на стапката на невработеност, привремено намалување на сиромаштијата и економско-социјалните тензии преку ангажирање на 20 невработени лица за период од 5 месеци, со акцент на долгорочно невработени неквалификувани и полуквалификувани лица,
- Обезбедување на посовремени услови за живот и работа на граѓаните преку обновување и уредување на јавната инфраструктура и одржување и заштита на животната средина.

**Програмски активности**

Во рамките на програмата за Јавни работи, Општина Свети Николе во парнерство со ЈКП Комуналец, и ЈП Погребални услуги, за период од 5 месеци ќе ангажири 20 невработени лица со акцент на долгорочно неработени лица, неклвалификувани и полуквалификувани. Со проектот ќе се спроведат работни активности од областа на заштита на животната средина за чистење и одржување на критичните точки од аспект на загадувањето ( градски паркови, излетнички места, гробишта, просторот на индустриската зона, дивите депонии во и околу градот), и од областа на обновување и одржување на јавната инфраструктура т.е уредување и санација на уличната инфраструктура во градот Свети Николе.

Програмата предвуидува извршување на следните групи на активности по одредена временска динамика:

(Динамичкиот план за извршување на активностите е во прилог):

**1 активност:**
Чистење, хортикултурно уредување и поставување на урбана опрема( клупи ,летниковци и корпи за отпадоци) во градските паркови,

**2 активност:**
Санација на тротоарните површини, хортикултурно уредување и расчистување на центарот на градот Свети Николе,

**3/ активност:**
Чистење и уредување на излетничко место Ѓуриште и излетничко место Крушки,

**4 активност:**
Расчистување на дивите депонии во и околу градот вклучувајќи ја индустриската зона и порамнување на цврстиот отпад во градежната депонија,

**5 активност:**
Чистење на одводен канал во градски гробишта,

**6 активност:**
Санација на пристапни пешачки патеки, хортикултурно уредување и расчистување на јавните гробишта,
.

**Финансирање**

Со Програмата е предвидено да се ангажираат 20 лица на кои ќе им се исплаќа надоместок во износ од 9 507,00 денари – бруто плата.

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 950.700,00 денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2015 година и кофинансирани од страна на ЈКП „Комуналец и ЈП „Погребални Услуги.

Средствата во износ од 570.420,00 денари се од буџетот на Општина Свети Николе и ќе бидат наменети за плаќање на надоместок за извршените јавни работи на 12 ангажирани лица за период од 5 месеци.

Средствата во износ од 380.280,00 денари се кофинансирање од страна на ЈКП „Комуналец“ и ЈП „Погребални Услуги и ќе бидат наменети за плаќање на надоместок за извршените јавни работи на 8 ангажирани лица за период од 5 месеци.

**Распоредување на буџетските средства**

Активностите од оваа Програма се финансираат со посебна ставка од Буџетот на Општината.

**Завршни одредби**

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**Бр.0801-257**
**02.04. 2015 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за усвојување на Елаборат за проценка на штета од елементарна непогода-поплава, К.О. Свети Николе, Ерџелија, К.О. Горобинци – Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за за усвојување на Елаборат за проценка на штета од елементарна непогода-поплава, К.О. Свети Николе, Ерџелија, К.О. Горобинци – Општина Свети Николе бр. 0801 – 258 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 02.04.2015 година.

**Бр. 0901– 261/5**
**02.04. 2015 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.05/02), а во врска со член 60 став 1 точка 1 и член 143 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување (пречистен текст) (,,Службен весник на РМ,, бр. 93/2012), Советот на Општина Свети Николе на одржаната итна седница на ден 02.04. 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Елаборатот за проценка на штета од елементарна непогода-поплава**

**КО Свети Николе, Ерџелија, КО Горобинци – Општина Свети Николе**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА ВО ЦЕЛОСТ Елаборатот за проценка на штета од елементарна непогода-поплава, изготвен од општинската Комисија за проценка и утврдување на висина на штета настаната од природни непогоди, формирана со Решение на Градоначалникот на Општина Свети Николе бр.0901-151/3 од 23.02.2015 година, а кој се однесува за настанатата штета на територија на општина Свети Николе во деновите 04,05 и 06.02.2015 година.

**Член 2**

Се задолжуваат стручните служби на Општина Свети николе усвоениот Елаборат да го достават до Влада на Република Македонија, Министерство за финансии, Министерство за земјоделство ,шумарство и водостопанство, Републичка комисија за проценка на штети од елементарни непогоди, Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство при Собрание на РМ и Државен завод за статистика.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот кога ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0801-258** **Претседател на Совет на Општина Свети Николе**

**02.04.2015 година** **Илија Стоилев с.р.**

**Свети Николе**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Статутот на Општинската установа Народен Музеј – Свети Николе**

Се објавува Одлука за давање согласност на Статутот на Општинската установа Народен Музеј – Свети Николе бр. 0801 – 259 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 02.04.2015 година.

**Бр. 0901– 261/6**
**02.04. 2015 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 10 став 3 од Законот за музеите (“Службен весник на РМ” бр. 66/2004 - консолидиран текст) и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 02.04. 2015 година донесе

**ОД Л У К А**
**за давање согласност на Статутот на Општинската установа Народен Музеј – Свети Николе**

1.Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Статутот на Општинската установа Народен Музеј - Свети Николе на седницата одржана на ден 02.04. 2015 година.

2.Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”

**Бр. 0801 -259**
**02.04. 2015година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за пренамена на средства од Буџетот на Општина Свети Николе за 2015 година**

Се објавува Одлука за пренамена на средства од Буџетот на Општина Свети Николе за 2015 година бр. 0801 – 260 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 02.04.2015 година.

**Бр. 0901– 261/7**
**02.04. 2015 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за делумно ослободување од плаќање надомест за уредување на градежно земјиште . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.1

2.Одлука за набавка на препарати за вонредна дератизација. . . . . . . . . . . . . . . . .стр.2

3.Одлука за реализација на проектот “Доградба и надградба на Градски Пазар во Свети Николе” . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.3

**4.** Програма за Јавни работи во 2015 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.4

5.Одлука за усвојување на Елаборат за проценка на штета од елементарна непогода-поплава, К.О. Свети Николе, Ерџелија, К.О. Горобинци – Општина Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.7

6.Одлука за давање согласност на Статутот на ОпШгинската установа Народен Музеј - Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.8

7.Одлука за пренамена на средства од Буџетот на Општина Свети Николе за 2015 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.9

**Бр. 0801 -261/2-1**
**02.04. 2015година**
**Свети Николе**